**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4600 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Опфатени се десет изданија на ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа, 4 минути и 5 секунди. Доминираат прилозите коишто припаѓаат на претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави) како и

репортажи со социјален предзнак. Информативните жанрови се застапени со 3 часа 56 минути и 34 секунди, а преостанатите 7 минути и 31 секунда се новинарски osврти.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:35:28 | 14,99 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:48 | 4,99 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:18:29 | 7,81 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:25 | 2,29 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:21 | 0,99 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:17 | 0,97 | % |
| Беса | 00:03:37 | 1,53 | % |
| Унитети | 00:01:33 | 0,66 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:58 | 0,83 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:31 | 3,60 | % |
| Судство | 00:04:49 | 2,04 | % |
| Без субјекти | 00:32:50 | 13,88 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:21 | 8,18 | % |
| Специјално обвинителство | 00:09:28 | 4,00 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:16:43 | 7,07 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:26 | 3,99 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:33 | 2,77 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:38 | 1,11 | % |
| Влада на РМ | 00:16:45 | 7,08 | % |
| СДСМ | 00:11:54 | 5,03 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:01:50 | 0,77 | % |
| Опозициски совет | 00:00:50 | 0,35 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:47 | 0,33 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:35 | 1,51 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:27 | 0,19 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:33 | 0,66 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:56 | 0,39 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:07 | 0,05 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:40 | 0,28 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:07 | 0,05 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:35 | 0,67 | % |
| Левица | 00:00:38 | 0,27 | % |
| Демократски сојуз на Власите | 00:01:04 | 0,45 | % |
| Привремена комисија | 00:00:31 | 0,22 | % |
| | **Вкупно: 03:56:34** | 100 | % |

Во првиот извештаен период (од 2 до 11 септември 2016 г.), според застапеноста, со околу 30% доминираа субјектите кодирани како „без субјекти". Во овој втор извештаен период таа процентуална застапеност ја чинат заедно субјектите коишто методолошки се кодирани како „други субјекти" (Институт за земјотресно инженерство, адвокати, Стопанска комора на Македонија, МРТВ, НУБ „Св. Климент Охридски",

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ректори на универзитети, декани, Комора на агенциите за приватно обезбедување, новинари, Македонски телеком, Регулаторна комисија за енергетика, Црвен крст, бизнисмени и др.) и „без субјекти", со минимална позастапеност на првите. Категоријата „без субјекти" е високо позиционирана поради прилозите посветени на ситуацијата по серијата земјотреси што го зафатија Скопје и прилозите од поплавените подрачја, кадешто во најчест случај како единствен субјект се јавуваат граѓаните, кодирани како „без субјекти". Во оваа категорија се кодирани и изјавите на студентите земени по повод почетокот на новата академска година или по некој друг повод, како и прилози со социјална тематика (за изнемоштени лица, социјални случаи и сл.).

Трет субјект по застапеност во вестите е категоријата Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари како резултат на прилозите посветени на средбата Жбогар-Димитриев, информации за проекти финансирани од ЕУ, истраги на ЕУ за ИПА фондовите, крводарителска акција во организација на амбасадата на САД, средба Велјановски-Вуцис (претседател на грчкиот парламент), информација за посетата на Жбогар на Центарот за мигранти во Гевгелија и др.

Известувањата за активностите на органите на државна управа/јавните претпријатија и за Владата, претставени преку нивните редовни активности поврзани со настаните коишто го одбележаа извештајниот период (средба Димитриев-Жбогар, изјави на министерот за образование Пиштар Љутфиу, предлог буџет за 2017 г., прес на Влада и др.) заедно зафаќаат околу 15%, колку што се застапени „другите субјекти".

И во овој извештаен период телевизијата известува за голем број политички партии, 17 вкупно. Информациите се однесуваат пред се за активностите на четирите поголеми партии (СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ и ДПА). Дел од помалите вонпарламентарни партии добиле можност и директно да се обратат на гледачите (Обединети за Македонија, Левица, Демократски сојуз на Власите, ДПА – Движење за реформи, Беса, Унитети, НДП, ДОМ, ГРОМ, Опозициски совет), а за дел само се говори во некој прилог (Демократски сојуз, ВМРО Народна партија, Достоинство).

Двата прилога за коишто може да се рече дека се новинарски осврти се: „Злоупотреба на ИПА фондовите" (трае 3 минути и 37 секунди) и „Патриотски чувства за политички поени!? Партиите со етничка карта на избори" (трае 3 минути и 59 секунди). Телевизијата известува со неутрален тон и рамка.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ 21 - М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:39 | 8,49 | % |
| Други субјекти | 00:10:43 | 19,56 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:06 | 12,96 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:12 | 0,36 | % |
| Влада на РМ | 00:03:59 | 7,27 | % |
| Левица | 00:00:21 | 0,64 | % |
| Демократски сојуз на Власите | 00:00:19 | 0,58 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:55 | 3,50 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:13 | 7,69 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:26 | 6,27 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:16 | 0,49 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:05 | 1,98 | % |
| Беса | 00:01:37 | 2,95 | % |
| Унитети | 00:00:55 | 1,67 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:29 | 0,88 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:31 | 4,59 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:11 | 3,98 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:45 | 1,37 % |
| СДСМ | 00:02:45 | 5,02 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:37 | 2,95 % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:20 | 0,61 % |
| Опозициски совет | 00:00:18 | 0,55 % |
| Собрание на РМ | 00:00:08 | 0,24 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:19 | 0,58 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:28 | 0,85 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:11 | 3,98 % |
| | **Вкупно: 00:54:48** | 100 % |

Отстапеното време за директни обраќања речиси и да не е променето во однос на првиот извештаен период. И во овој извештаен период (од 12 до 21 септември) една петтина од времето на директните обраќања зафаќаат субјектите што влегуваат во категоријата *„други субјекти"*. Следуваат, според временската застапеност, обраќањата на експертите/аналитичарите, претставниците на органите на државна управа/јавните претпријатија, претставниците на граѓанскиот сектор, на Владата итн.

## ***Посебни информативни емисии***

### *Дебатни емисии*

На 14 септември, во рамки на емисијата „Клик плус", емитувана е дебата на теми околу можната соработка на опозицијата и нејзин заеднички настап на изборите. Во студиото на ТВ 21 – М свои ставови разменија двајца претставници на политички партии и двајца аналитичари, Шабан Зендели од Беса, Мухамед Исмаили од Унитети и аналитичарите Исмет Рамадани и Бесим Хода. Ова издание на „Клик плус" наредниот ден, 15 септември, беше два пати репризирано. Првата реприза беше емитувана рано наутро, а втората претпладне.

Во истата емисија, но во изданието од 16 септември, гости беа портпаролот на СДСМ, Петре Шилегов, новинарката Јадранка Костова и адвокатот Константин Кратовалиев. Теми на разговор беа финансирањето на партиите и претстојните избори. Наредниот ден, емисијата беше два пати репризирана, во стандардните термини за реприза на оваа емисија, рано наутро и претпладне

Изданието на дебатната емисија „Клик плус" од 20 септември е реализирано со четворица гости во студиото. Се разговараше за дизбалансот помеѓу изборните единици, а своите ставови ги сопоставија повторно двајца претставници на политички партии и двајца аналитичари. Дебатираа Талат Џафери од ДУИ, Беким Фазлиу од ДПА и аналитичарите Алберт Муслиу и Мухамед Халили. Емисијата е репризно прикажана уште два пати, на 21 септември, во претходно воспоставените термини за оваа емисија.

Во вечерните часови на 21 септември, во редовниот термин, е емитувано ново издание на емисијата „Клик плус". Во ова издание доминираа теми од областа на финансиите, а главно се разговараше за ребалансот на буџетот и предлог буџетот за 2017 година. Покрај претставниците на двете условно најголеми партии од албанскиот политички блок, ДУИ и ДПА, гости во студиото беа академик Абдулменаф Беџети и Мендерес Кучи, претседател на Стопанска комора за Северо-западна Македонија. Партиите ги претставуваа Реџаил Исмаили од ДУИ и Имер Алиу од ДПА.

*Интервјуа*

Во извештајниот период, од 12-21 септември, во рамки на емисијата „10 минути“ што се емитува по завршувањето на централното дневно-информативно издание на ТВ 21 М, се емитувани 3 интервјуа.

Интервјуто од 13 септември е реализирано со архитектот Бранко Мандичевски. Повод за разговорот беа серијата земјотреси што го зафатија скопскиот регион, а тема на разговор со гостинот беа градбите во Скопје и почитувањето на стандардите за изградба во главниот град.

На 14 септември гостин во емисијата „10 минути“ беше Мухамед Точи, претставник на здружението „Месечина“ со кого се разговараше за злоупотребите на гласот на Ромите на изборите и како таа појава да се надмине за наредните избори.

Во изданието на емисијата од 19 септември гостуваше Имер Алиу од Демократската партија на Албанците. Предлог буџетот за 2017 година, двојазичноста и изборите беа главни теми на интервјуто.

*Други информативни програми*

Изданијата на емисијата „10 минути“ од 15 и 21 септември не беа емитувани во форма на интервјуа. Темите на коишто се говореше во првата информативна емисија емитувана во рамки на „10 минути“ беа финансискиот криминал при јавни набавки и користењето на ИПА фондовите.
Втората емисија е посветена на лозарите од тиквешко и проблемите со коишто се соочуваат при откупот на грозјето.

***Други програми***

Во рамки на емисијата од забавен карактер „Навечер“, којашто беше посветена на Албанците од Горна Река, на нивните обичаи, традиции, носии, гости беа градоначалникот на Гостивар, Невзат Бејта и министерот за правда, Валдет Џафери, претставени како членови на здружението од Горна Река. Покрај нив во емисијата гостуваа Џелил Руфати, претседател на здружението, Фиторе Мемеди, член на здружението и професор Расим Зулфери.

***Сектор за програмски работи***